**З А П И С Н И К**
**од 68- та седница на Советот на Општина Велес**
**која се одржа на 11.09.2025 година**

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 16 члена на Советот.

Потоа ја отвори 68-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 10:20 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа записникот од 67-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа не се јави никој.

Се премина кон гласање на Записникот од 67-та седница и по гласањето се утврди дека од 17 присутни, со 17 гласа „за“, беше усвоен Записникот од 67-та седница на СОВ.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Советнички прашања;
2. Предлог - одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на одржувањето на Фестивалот на велешка пита и вино во Општина Велес;
3. Предлог-одлука за прифаќање на донација од Амбасада на Народна Република Кина во Република Северна Македонија за изградба на детско игралиште;
4. Предлог – решение за давање согласност за формирање паралелка со поголем број на ученици за учебната 2025/2026 година во ООУ„Блаже Конески“ Велес;
5. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за намален број на деца во групите во Објектот „Пинокио” на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2026 година.
6. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за поголем број на деца во групите на ОЈУДГ ,,Димче Мирчев” Велес за 2026 година.
7. Предлог – решение за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес за 2026 година.
8. Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2024/2025 година.
9. Предлог – годишна програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2025/2026 година.
10. Годишен извештај за работата на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес во учебната 2024/2025 година;
11. Предлог – Годишна програма за работа на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2025/2026 година;
12. Годишен извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2024/2025 година;
13. Предлог – Годишна програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2025/2026 година;
14. Годишен извештај за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2024/2025 година;
15. Предлог – Годишна програма за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес за учебната 2025/2026 година;
16. Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ за период од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година;
17. Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година;

Претседателот наведе дека поради обврски на предлагачите, потребна е измена на редоследот на точките и тоа: Точката под ред. бр.1 Советнички прашања да се помести на ред.бр.17 и Точката под ред.бр.3 да се помести на ред.бр.16. Предлогот беше ставен на гласање. По гласањето се констатираше дека од 18 присутни членови на СОВ со 18 гласа „за“ истиот беше усвоен.

Предложениот дневен ред, се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 18 присутни членови на СОВ со 18 гласа „за“, беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на одржувањето на Фестивалот на велешка пита и вино во Општина Велес;
2. Предлог – решение за давање согласност за формирање паралелка со поголем број на ученици за учебната 2025/2026 година во ООУ„Блаже Конески“ Велес;
3. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за намален број на деца во групите во Објектот „Пинокио” на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2026 година.
4. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за поголем број на деца во групите на ОЈУДГ ,,Димче Мирчев” Велес за 2026 година.
5. Предлог – решение за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес за 2026 година.
6. Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2024/2025 година.
7. Предлог – годишна програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2025/2026 година.
8. Годишен извештај за работата на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес во учебната 2024/2025 година;
9. Предлог – Годишна програма за работа на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2025/2026 година;
10. Годишен извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2024/2025 година;
11. Предлог – Годишна програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2025/2026 година;
12. Годишен извештај за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2024/2025 година;
13. Предлог – Годишна програма за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес за учебната 2025/2026 година;
14. Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ за период од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година;
15. Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година;
16. Предлог-одлука за прифаќање на донација од Амбасада на Народна Република Кина во Република Северна Македонија за изградба на детско игралиште;
17. Советнички прашања;

Се премина кон расправа на точките

**ТОЧКА 1. Предлог - одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на одржувањето на Фестивалот на велешка пита и вино во Општина Велес**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 18 присутни, со 18 гласа „за“ се донесе Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на одржувањето на Фестивалот на велешка пита и вино во Општина Велес.

**ТОЧКА 2. Предлог – решение за давање согласност за формирање паралелка со поголем број на ученици за учебната 2025/2026 година во ООУ„Блаже Конески“ Велес**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката ООУ„Блаже Конески“ Велес, Маја Коруновска беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 18 присутни, со 17 гласа „за“ (членот Елизабета Митревска Анѓелеска се иззема од гласање) се донесе Решението за давање согласност за формирање паралелка со поголем број на ученици за учебната 2025/2026 година во ООУ„Блаже Конески“ Велес.

**ТОЧКА 3. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за намален број на деца во групите во Објектот „Пинокио” на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес, Наташа Јанушева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 19 гласа „за“ (членот Ружица Петрушевска – Николовска се иззема од гласање) се донесе Решението за давање согласност на Одлука за намален број на деца во групите во Објектот „Пинокио” на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 4. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за поголем број на деца во групите на ОЈУДГ ,,Димче Мирчев” Велес за 2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес, Наташа Јанушева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Пандорка Лазаровска Прличкова.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 19 гласа „за“ (членот Ружица Петрушевска – Николовска се иззема од гласање) се донесе

Решението за давање согласност на Одлука за поголем број на деца во групите на ОЈУДГ ,,Димче Мирчев" Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 5. Предлог – решение за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Димче Мирчев" – Велес за 2026 година**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката ОЈУДГ „Димче Мирчев" Велес, Наташа Јанушева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутни, со 20 гласа „за" (членот Ружица Петрушевска – Николовска се иззема од гласање) се донесе Решението за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Димче Мирчев" – Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 6. Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев" Велес за 2024/2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката ОЈУДГ „Димче Мирчев" Велес, Наташа Јанушева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутни, со 20 гласа „за" (членот Ружица Петрушевска – Николовска се иззема од гласање) се усвои Годишниот извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев" Велес за 2024/2025 година.

**ТОЧКА 7. Предлог – годишна програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев" Велес за 2025/2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката ОЈУДГ „Димче Мирчев" Велес, Наташа Јанушева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 20 гласа „за" (членот Ружица Петрушевска – Николовска се иззема од гласање) се усвои Годишната програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев" Велес за 2025/2026 година.

**ТОЧКА 8. Годишен извештај за работата на ОСУ „Јовче Тесличков" – Велес во учебната 2024/2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес, Васко Трајковски беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 20 гласа „за“ (членовите Нада Јованова и Катерина Ефремова се изземаат од гласање) се усвои Годишниот извештај за работата на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес во учебната 2024/2025 година.

**ТОЧКА 9. Предлог – Годишна програма за работа на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2025/2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес, Васко Трајковски беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 20 гласа „за“ (членовите Нада Јованова и Катерина Ефремова се изземаат од гласање) се усвои Годишната програма за работа на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2025/2026 година.

**ТОЧКА 10. Годишен извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2024/2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес, Илија Попов беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 20 гласа „за“ (членот Коста Нојков се иззема од гласање) се усвои Годишниот извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2024/2025 година.

**ТОЧКА 11. Предлог – Годишна програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2025/2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес, Илија Попов беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јавија: Пандорка Лазаровска Прличкова и Елизабета Митревска Анѓелеска.

Одговор на поставените прашања даде директорот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 20 гласа „за“ (членот Коста Нојков се иззема од гласање) се усвои Годишната програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2025/2026 година.

**ТОЧКА 12. Годишен извештај за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2024/2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес, Горан Јанков беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 19 гласа „за“ (членот Нада Јованова се иззема од гласање) се усвои Годишниот извештај за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2024/2025 година.

**ТОЧКА 13. Предлог – Годишна програма за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес за учебната 2025/2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес, Горан Јанков беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јави: Пандорка Лазаровска Прличкова.

Одговор на поставените прашања даде директорот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен со 20 гласа „за“ (членот Нада Јованова се иззема од гласање) се усвои Годишната програма за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес за учебната 2025/2026 година.

**ТОЧКА 14. Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“, Велес за период од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот ЈП „Парк спорт и Паркинзи“, Велес, Зоран Јаневски беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 15 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се усвои Извештајот за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“, Велес за период од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година.

**ТОЧКА 15. Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“, Велес за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот ЈП „Парк спорт и Паркинзи“, Велес, Зоран Јаневски беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 14 гласа „за“ и 7 гласа „воздржан“ се усвои Извештајот за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година.

**ТОЧКА 16. Предлог-одлука за прифаќање на донација од Амбасада на Народна Република Кина во Република Северна Македонија за изградба на детско игралиште**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 17 присутни, со 17 гласа „за“ се донесе Одлуката за прифаќање на донација од Амбасада на Народна Република Кина во Република Северна Македонија за изградба на детско игралиште.

**ТОЧКА 17. Советнички прашања**

**Игор Смилев**

1.Колку лица се пријавија на Објавата за времено работно ангажирање на лица во Општина Велес и колку од нив беа пожарникари? (писмено)
2. Дали се додека траат градежните активности на Кејот има измени на Проектот или се работи по веќе постоечкиот Проект? (одговорено од Градоначалник)
3. Зошто се крши новиот бетон од бр.2 до бр.18 на ул. Наце Димов?(одговорено од Градоначалник)
4. Како и кога планирате да се реши проблемот со паркирањето пред Комерцијална Банка?(писмено)
5.Кога планирате да ги поставите на јавни локации околу 15 скулптури за кои се одвоени 400.000,00 денари?(писмено)

**Димитар Абрашев**

1. Дали планирате да се санираат скалите кај Мало мовче и да се постави заштитна ограда?(одговорено од Градоначалник)
2. Кога се планира да се заврши рконструкцијата на ул. Раштански пат? (одговорено од Градоначалник)
3. Кога се планира да се санира каналот што е ископан во близина на складот на ЈКП „Дервен“?(одговорено од Градоначалник)

**Маргица Урумова**

1.Дали парцелите за поставување на фотоволтаици се продадени и до каде е овој Проект за поставување на фотоволтаици? (одговорено од Градоначалник)
2. Каква поддршка им обезбеди Општината во овие 4 години на постоечките и на новите мали, средни бизниси или занаетчии? (одговорено од Градоначалник)
3.Од претходниот закупец на Базенот, има неплатени фактури за комуналии. Дали Општината води постапка за наплата на долгот што го има претходниот закупец на Базенот спрема Општината? (одговорено од Градоначалник: за комуналиите да се обратиме до ЕВН и Дервен, а за нашата закупнина, во тек е постапката пред Извршител)
4. Како ќе се изведат сите од 15 до 17 проекти, одобрени од Владата на РСМ, кои се со ист рок на реализација и дали беше неопходно сите да бидат со ист рок на реализација? (одговорено од Градоначалник)
5. Барање за апел до превозниците на јавниот градски превоз да застануваат на утврдени стојалишта. (одговорено од Градоначалник)

**Невзат Муаремовски**

1. Да се прошири патот на преминот од ул.Раштански пат накај гробиштата во с.Раштани, поточно кај Ветеринарната амбуланта. (одговорено од Градоначалник)

Седницата беше закажана за во 10:00 часот, започна со работа во 10:20, а заврши во 13:15 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 25-
2025 година
Велес